

# ОСЛОБОДИ ГО УМОТ

# ОСНОВНИ ПОИМИ

## ЗА БОРБА ПРОТИВ ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ, ПРОПАГАНДАТА И ХИБРИДНИТЕ ЗАКАНИ

# Ослободи го умот!




Оваа брошура е наменета да им помогне на граѓанките и граѓаните да ги препознаваат дезинформациите и пропагандните наративи. Воедно, ова претставува и повик до сите заинтересирани да се приклучат кон борбата против дезинформациите и малигните влијанија.

**ОСЛОБОДИ ГО УМОТ** е проект на ЦИВИЛ за спротивставување на дезинформациите, пропагандата и хибридните закани преку мониторинг, анализи, медиумски активности и директна комуникација со граѓанките и граѓаните.

ЦИВИЛ е една од најпознатите организации во регионот која се занимава со мониторинг и анализи на дезинформациите, хибридните закани и другите облици на малигни влијанија.

СКЕНИРАЈ
ЗА ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ

---

**Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/ авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД.**

# Дезинформација



ДЕЗИНФОРМАЦИЈА е намерно ширење лажни или погрешни информации за измама или манипулација, преку стратегиски и медиумски тактики за постигнување политички, воени или комерцијални цели.

Дезинформациите се глобална закана, поради способноста за брзо ширење лажни наративи во масовни размери.

Дезинформациите се особено опасни затоа што имаат потенцијал да предизвикаат поделби и тензии, па и немири и насилство во области, како што се меѓуетничките и меѓуверските односи, евроатлантските интеграции, миграцијата, вакцинацијата и социјалните политики.

Дезинформациите се огромна закана за демократијата, бидејќи можат да извршат пресудно влијание врз јавното мислење, изборните резултати и социјалната хармонија.

# Борба

## ПРОТИВ ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ (1)



Во борбата против дезинформациите се вклучени владите, безбедносните служби, технолошките компании и граѓанското општество.

Со оглед на глобалната природа на дезинформациите, меѓународната соработка меѓу владите и организациите е особено важна.

Законската регулатива игра клучна улога во борбата против дезинформациите, со цел да се повикаат на одговорност креаторите и дистрибутерите на дезинформации.

Во фокусот на институциите и на граѓанското општество се медиумската писменост и дигиталното образование со кои им се помага на луѓето да ја разликуваат вистината од лагата. Тоа се постигнува со постојана проверка на фактите и со разобличување и обелоденување на дезинформациите и нивните креатори и дистрибутери.

# Борба

## ПРОТИВ ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ (2)



Императив во борбата против дезинформациите е стратегискиот пристап. Стратегиите мора да бидат сеопфатни, лесно приспособливи и да ја препознаваат супердинамичната природа на индустријата за креирање и ширење на дезинформациите.

Потребно е постојано развивање нови тактики и напредни технологии за борба против ова зло.

Владите и граѓанското општество спроведуваат кампањи за едукација и јакнење на јавната свест со кои ги потенцираат опасностите од информациите. Тие го поттикнуваат одговорното креирање, дистрибуција и користење на информациите.

Транспарентната комуникација меѓу владите, медиумите и јавноста се дел од борбата против дезинформациите, со кои се гради доверба и отпорност против измамничките наративи.

# Дезинформација

## ПОТЕКЛО НА ЗБОРОТ




Терминот „дезинформација“ има свои корени во рускиот збор **„дезинформация“** (дезинформација), кој го користеле воените и разузнавачките служби на Советскиот Сојуз за време на Студената војна.

Во тоа време, под дезинформација се подразбира систематско ширење лажни информации со намера да ги загрозат интересите на Западот.

Советскиот Сојуз применуваше различни измамнички тактики, вклучително и ширење лажни наративи, создавање лажни документи и спроведување операции за влијание, како дел од нивните стратегиски напори за време на овој геополитички конфликт.

Терминот оттогаш еволуираше и сега најчесто се користи за опишување невистини што намерно се шират за различни цели во различни контексти.

# Теории на заговор



Теорија на заговор е верување дека мала група моќни луѓе спроведуваат тајни операции во сопствена корист, на сметка на општеството. Примери:

**Нов светски поредок:** Теорија на заговор за тајна елита (Илуминати), која владее со светот преку авторитарна светска влада.

**Ромео џихад:** Исламофобична теорија на заговор според која муслиманските мажи, преку брак, ги конвертираат хиндуските жени во ислам за да завладеат со Индија преку демографски раст на муслиманите.

**5G заговор:** Ненаучно верување дека 5G технологијата влијае врз здравјето на луѓето и предизвикува болести како што е КОВИД-19.

**Рептили:** Теорија на заговор, според која светот го контролираат вонземјани - рептили во човечки облик - кои добиваат политичка моќ за да владеат со човештвото.

# Дипфејк (deepfake)



Дипфејк (deepfake) е измамничка практика на користење напредни технологии за аудиовизуелна манипулација и фалсификување на содржината, често и со употреба на машинско учење и вештачката интелигенција.

Со дипфејк лажно се прикажуваат поединци дека кажуваат или прават нешто што никогаш не го направиле.

Илустративен е примерот со дипфејк видеото според кое украинскиот претседател Зеленски - наводно - ги повикува Украинците да се предадат. Видеото беше лажно, но го обиколи светот и беше дел од пропагандната војна на Русија против Украина и нејзините сојузници.

Дипфејк-технологијата предизвикува загриженост во светот, особено поради потенцијалот за нејзина злоупотреба во ширењето на дезинформациите и пропагандата.

# Интернет ТРОЛ




Трол (troll) е англиски збор и значи грдо џуџе или џин. Потекнува од старонордискиот збор *trǫll* што значи џин или демон.

Во сленгот, интернет-трол означува лице што шири инфламаторни, навредливи и лажни содржини.

Целите на троловите се да влијаат врз перцепцијата на луѓето и да предизвикаат метеж, конфузија, омраза или страв, со ширење дезинформации, говор на омраза и повици на насилство.

Троловите не секогаш се дел од организирана структура, но ефектите од нивното дејствување ги користат организирани пропагандни структури. Но тие често се организираат и во „трол фабрики“ или „трол армии“ поврзани со политички партии или пропагандни центри.

Експертите советуваат: „Не храни ги троловите! Игнорирај ги!“

# ТРОЛ армија

ТРОЛ АРМИЈА или „фабрика за тролови“ е организирана и често институционализирана група на интернет-тролови што дејствуваат колективно и систематски со специфични политички цели.



Целта е да се засилат одредени гледишта, да се дискредитираат противниците и да се манипулира со јавниот дискурс со „поплава“ на онлајн просторот со прецизно насочена содржина.

Трол армиите создаваат и шират лажни наративи преку социјалните мрежи и медиумите за да го обликуваат јавното мислење, при што ги користат алгоритмите за да се шират пораки масовно и да таргетираат одредени демографија.

Трол армиите често се користат за да се влијае врз изборите, да го диктираат јавното расположение или да создадат поделби во општествата.

# Говор на омраза



Говор на омраза е која било форма на комуникација што изразува омраза или поттикнува насилство кон поединец или група врз основа на карактеристики, како што се етничка припадност, раса, религија, пол и сексуална ориентација.

Вербални, писмени или симболични изрази што се обидуваат да понижат, дехуманизираат или да маргинализираат одредена заедница е говор на омраза.

Говорот на омраза во медиумите и социјалните мрежи поттикнува дискриминација и социјална поделеност, а придонесува за тензии и насилство, како и дела од омраза во реалниот свет.

Борбата против говорот на омраза подразбира правни мерки, едукација и кампањи за јакнење на јавната свест за мултикултурализам, толеранција, разбирање и почитување на различностите.

# Пропаганда

Пропагандата е форма на комуникација што користи вистинити или лажни информации за да влијае и да манипулира со мислењето, емоциите и однесувањето на луѓето.




Целта на пропагандата е да ги обликува јавната перцепција и однесувањето на луѓето во корист на одредена идеологија, кауза или политичка агенда.

Пропагандата често се потпира на емоциите, како што се страв или омраза, патриотизам или емпатија, за да предизвика силна реакција.

Пропагандата има тенденција да ги поедноставува сложените прашања и користи стереотипи за да пренесе пораки што ја предизвикуваат посакуваната реакција кај луѓето.

Информациите што се пренесуваат во пропагандата се селективни за да се постигне целосна поддршка на целта, идеологијата или каузата.

# Воена пропаганда



Военатa пропаганда е застрашувачко оружје против непријателот и неопходна алатка за промовирање на националните воени напори, со повици да се поднесат неопходните жртви и да се придонесе со физичка сила, ум и пари за успешно водење на војната.

Во демократски земји, со влади избрани и одговорни пред граѓаните, целото население - со и без униформа - мора да биде информирано за напредокот на војната.

Слободниот проток на информации служи за зајакнување на нацијата, храбро да ги прифаќа загубите и да се жртвува, да соработува на секој можен начин во националниот стремеж за победа.

Воената пропаганда се стреми и кон деморализирање и обесхрабрување на непријателот, со цел да го скрши неговиот морал и волја за борба.

# Хибридно војување



Не постои универзална дефиниција за хибридната војна. Тоа е теорија на воена стратегија во која се користи политичко војување и ги спојува конвенционалното и неконвенционалното војување.

Хибридното војување вклучува сајбер напади и различни облици на влијание, ширење дезинформации и пропаганда, шпионажа и субверзивно дејствување.

Во хибридно војување спаѓаат и комбинации од методи и тактики што се спроведуваат преку дипломатијата, политиката и економијата.

Во хибридно војување спаѓа и финансирањето на екстремистички или терористички групи.

Субверзивните и терористичките акции, неселективното насилство и криминалните активности имаат цел да се внесат психоза и хаос во државата под хибриден напад.

# 10 правила

## КАКО ДА СЕ ЗАШТИТИТЕ ОД ДЕЗИНФОРМАЦИИ

Можеби ви изгледа дека овие правила одземаат премногу време. Но токму дезинформациите може да ве доведат до заблуда, па и до опасни ситуации. Овие правила ќе го заштедат вашето време и ќе ве заштитат.

**1.** Потврдете ги информациите со проверка на повеќе реномирани извори на вести.

**2.** Истражете го кредибилитетот и доменот на изворот. Избегнувајте непознати домени.

**3.** Проценете го кредибилитетот на авторите со пребарување на нивната биографија. Чувајте се од поларизирачка политичка содржина.

**4.** Испитајте ја автентичноста на фотографиите на интернет.

**5.** Не читајте само наслови. Прочитајте го текстот. Барајте стручни цитати, официјална статистика и изјави.

**6.** Одржете го критичкиот начин на размислување. Не дозволувајте да паднете под влијание на личните предрасуди или емоции.

**7.** Проверете дали информациите се дел од рубриките за хумор и сатира на веб-страницата.

**8.** Внимавајте на спонзорираните содржини и реклами, кои може да ги искористат емоционалните реакции.

**9.** Користете страници за проверка на факти за независно да ја потврдите точноста на информациите.

**10.** Потврдете ја автентичноста на фотографиите со проверка на сенки, нерамни рабови или користејќи алатки како што е Google Reverse Image Search.

---

Со исклучок на логото на проектот, сите илустрации се генерирани со помош на вештачка интелигенција.




Мониторинг тимот на ЦИВИЛ денонoќно ги следи медиумите и социјалните мрежи, ги идентификува, анализира и обелоденува дезинформациите, пропагандата, говорот на омраза и хибридните закани. ЦИВИЛ ги повикува сите граѓанки и граѓани да се приклучат кон борбата против дезинформациите и да ги пријавуваат:

**civil@civil.org.mk**, со назнака ГРАЃАНСКА ПРИЈАВА или во порака на **www.facebook.com/civil.mk**.

Оваа брошура е објавена во печатен и електронски формат на медиумската платформа на ЦИВИЛ. Скенирај за пристап до електронската верзија:

**БИДИ ДЕЛ ОД АКЦИЈАТА!**

Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/ авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД.